Дневник, Скопје, 8,9. VII 2000/V, 1299 Викенд бр. 118, стр. 13





# Уметноста нема висока цена

*Центарот за современи уметности во Скопје пред една недела отвори страница на Интернет за аукција на познати дела од македонската современа ликовна уметност. Преку првиот сајт на Интернет за аукциска продажба на уметнички дела, вљубениците во уметноста ќе може да видат и да купат творби од 26 македонски автори*

Интернетот и уметноста и кај нас почнаа да функционираат заеднички. Досега сите вљубеници во уметноста можеа да погледнат или да купат уметничко дело само преку странски Интернет-страници. Но, веќе од минатата недела Центарот за современа уметност овозможи аукциска продажба на македонски уметнички дела, кои се достапни не само за нашите граѓани, туку и за странците.

- Заедно со аукцијата на Интернет-страницата е пуштена и страницата galery on line, каде што речиси сите автори се претставени со по три уметнички дела. Една од тие творби е ставена на страницата за аукција. Во аукцијата учествуваат 26 автори, на различна возраст, активни во областа на современата уметност. Оваа наша дејност им е понудена на повеќе современи уметници, но дали нивните дела ќе се најдат на Интернет-страницата зависи од нивното расположение, односно од тоа дали ќе прифатат. Аукцијата преку Интернет е отворена од 27 јуни, а ќе трае до 5 ноември. Интернет-галеријата ќе биде отворена до крајот на годинава, за да можат нашите автори да ги пријавуваат своите дела - вели Калина Бунтевска од Центарот за современи уметности.

Бунтевска објаснува дека постои голем интерес за првата Интернет-страница и оти се јавуваат голем број македонски автори што сакаат да ги изложат своите уметнички творби. Но, како што вели таа, во интерес на галеријата е да не учествува секој уметник, за да се задржи нивото на делата.

- Некои автори ќе бидат одбиени, пред сè поради квалитетот, а и поради тоа што Центарот се занимава со современа уметност, не сакаме да имаме дела, кои се исклучиво комерцијални. На сајтот се понудени дела што веќе биле излагани. Постојат и автори што со своите креации биле учесници на некои биеналиња, на пример во Сао Паоло или во Брисел. Но, од друга страна пак, изложуваме дела за кои се смета дека најмалку може да бидат продадени, а кои се од големо значење за македонска современа уметност - вели Бунтевска.



*Дело на Искра Димитрова*



*Дело на Томе Аџиевски*

На сајтот на аукцијата и галеријата свои уметнички дела изложуваат и многу млади автори, кои досега имале само по една самостојна изложба. Бунтевска вели дека нивните творби се понудени со цел да се афирмираат што повеќе. Таа како пример го посочи младиот уметник Андреј Митевски, кој веќе успеал да ги продаде сите три слики. Инаку, на страницата се изложени и дела од Томе Аџиевски, Сергеј Андреевски, Искра Димитрова, Верица Димеска, Милчо Манчевски, Христина Ивановска, Славица Јанешлиева, Антони Мазневски, Симон Шемов...

- Цената на уметничките творби е изразена во американски долари, а неа ја формира авторот. Некои од нив не можеа веднаш да кажат колку го вреднуваат својот труд оти не се навикнати на ваков начин на работа, па имаше и одредени сугестии. На Интернет-сајтот се продаваат уметнички дела што имаат многу висока цена, но некои од авторите претходно успеале да продадат дело со таква цена. Некои од творбите на Интернет-страницата веќе се продадени. За тој што ја сака уметноста и што знае да ја вреднува не постои висока цена - вели Бунтевска.

Таа објаснува дека аукциската продажба на уметничките дела преку Интернет е нешто сосема ново за македонската јавност. Затоа, како што вели Бунтевска, интересот за да се отвори тој сајт и да се погледне или да се купи нешто е многу поголем надвор од границите на Македонија, отколку на овие простори.

- Аукцијата трае само една недела. Нашите граѓани сè уште не знаат ништо за нашата дејност, но се надеваме дека интересот ќе се зголеми бидејќи медиумите веќе го пренесуваат начинот на работа на Центарот. Инаку немаме никаква финансиска поддршка. Сè што правиме, правиме сами. Всушност, Центарот за современи уметности се обидува самостојно да ја одржи Интернет страницата. Понатаму се надеваме дека ќе се јават и други донатори, кои ќе ни дадат финансиска помош. Планираме да организираме и новогодишна аукција во физички простор, но за тоа сè уште има време - вели Бунтевска.■

**Анита Стојановска-Буховски**

**www.Auctions.com.mk**